Врз основа на членот 158-ѕ точка 1), членот 74 точки 4) и 9) и членот 104 став (1) точка 2) од Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Македонија на седница одржана на ден 22.03.2016 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**за изменување и дополнување на Правилникот за пресметка на потребното ниво на маргина на солвентност на друштвата за осигурување и/или реосигурување**

**Член 1**

(1) Во Правилникот за пресметка на потребното ниво на маргина на солвентност на друштвата за осигурување и/или реосигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/11 и 41/11), во членот 4, во ставот (3), зборовите: „во хартиена и" се бришат. После зборовите: „електронска форма " се додаваат зборовите: „на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување".

(2) Ставовите (4) и (5) се бришат.

**Член 2**

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2016 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на извештаите за вториот квартал за 2016 година.

**Бр.02-298/10** **Претседател на Советот на експерти,**

**22.03.2016 година** **Климе Попоски**

**Скопје**

Образложение

Во измената е опфатено ослободувањето од обврската на друштвата да ги доставуваат извештаите во хартиена форма.

Ставовите (4) и (5) од член 4 се бришат, бидејќи Агенцијата за супервизија на осигурување веќе има пропишано електронска форма за обрасците и истите не можат да се поднесат во АСО порталот, доколку не се потпишани од овластено лице.